Врз основа на член 20-г став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор, член 37-и од Законот за јавните претпријатија и член 31 од Колективниот Договор на ЈП „Водовод" - Охрид, а согласно Годишниот план за вработување за 2024 година на ЈП „Водовод" - Охрид и Согласноста дадена од Градоначалник на Општина Охрид со арх.бр. 09-9926/2 од 29.07.2024 година, В.Д. Директорот на ЈП „Водовод" - Охрид објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС 1/2024**
**за вработување на неопределно време**

Општите услови утврдени со Законот за јавни претпријатија, Законот за работни односи и Колективниот договор, за давателите на услуги во областа на комуналните дејности се:

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
ВОДОВОД
Бр. 04-1698/3
06.08. 2024 год.
ОХРИД

Распоред на работно време
- Работни денови понеделник - петок
- Работни часови неделно 40
- Работно време од 07:00 до 15:00 и од 13:00 до 21:00
- Опис за работното време работа во смени

1. **Ракувач на градежни машини КДР0305Б04014 (1) извршител(и)**

Посебни услови
- најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование;
- Б категорија и квалификација за управување со градежни машини;
- со или без работно искуство во струката.

Потребни работни компетенции
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа и
- ориентираност кон странките/засегнати страни.

Паричен нето износ на плата: 22.567,00 денари
НАПОМЕНА: Предвидени вработувања по припадност на заедницата согласно годишниот план на институцијата за 2024 година се: Македонец/ка (1)
Со пријавите по огласот кандидатите треба да достават:
1. Уверение или Решение за државјанство (фотокопија)
2. Диплома за завршено средно образование (фотокопија заверена на нотар)
3. Б категорија и квалификација за управување со градежни машини
4. Доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена мерка забрана за вршење на професија, дејност или должност;
5. Доказ за општа здравствена состојба

2. **Водоинсталатер КДР0305В01004 (2) извршител(и)**

Посебни услови
- најмалку ниво на квалификации 1 или основно образование;
- КВ/ВКВ квалификација;
- најмалку една година работно искуство во струката.

Потребни работни компетенции
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа.

Паричен нето износ на плата: 22.567,00 денари
НАПОМЕНА: Предвидени вработувања по припадност на заедницата согласно годишниот план на институцијата за 2024 година се: Македонец/ка (2)
Со пријавите по огласот кандидатите треба да достават:
1. Уверение или Решение за државјанство (фотокопија)
2. Доказ за завршено основно образование (фотокопија заверена на нотар)
3. КВ/ВКВ квалификација
4. Доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена мерка забрана за вршење на професија, дејност или должност;
5. Доказ за општа здравствена состојба
6. Доказ за работно искуство

3. **Општ работник КДР0305В02031 (1) извршител(и)**

Посебни услови
- најмалку ниво на квалификации 1 или основно образование;
- со или без работно искуство во струката.

Потребни работни компетенции
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа.

Паричен нето износ на плата: 22.567,00 денари

НАПОМЕНА: Предвидени вработувања по припадност на заедницата согласно годишниот план на институцијата за 2024 година се: Македонец/ка (1)

Со пријавите по огласот кандидатите треба да достават:
1. Уверение или Решение за државјанство (фотокопија)
2. Доказ за завршено основно образование (фотокопија заверена на нотар)
3. Доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена мерка забрана за вршење на професија, дејност или должност;
4. Доказ за општа здравствена состојба

**РОК ЗА ПРИЈАВА:**

Рокот за пријавување по Јавниот оглас изнесува 15 дена од денот на неговото објавување во дневните весници. Пријавите за вработување се потполнуваат на образец изготвен од страна на претпријатието кој може да се подигне од Архивата на ЈП „Водовод" - Охрид. Пријавите да се достават лично или преку пошта во архивата на Ј.П. Водовод Охрид, на ул.Наум Охридски б.б. Охрид.

Постапката за селекција за вработување на даватели на јавни услуги во претпријатието се состои од две фази и тоа:

Фаза 1 – Административна селекција која опфаќа проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во јавниот оглас и проверка на приложените докази во пријавата;

Фаза 2 – Интервју

Изборот на кандидати ќе се изврши во рок од 5 (пет) дена по завршување на постапката за селекција за вработување на даватели на јавни услуги

**Охрид,**
**06.08.2024г.**

**ЈП „Водовод" - Охрид**
**в.д. Директор Марјан Ристески**

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВОДОВОД 1 ОХРИД